РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Бр. 02-67/2**
**Скопје, 26.05.2026 година**

# ЗАПИСНИК
## од четириесет и петта седница одржана на 26.05.2026 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ –член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на четириесет и петтата седница на Советот, по што го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје поради исполнување на услови за старосна пензија на јавниот обвинител Маја Конеска
2. Разно.

Предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека на ден 27.05.2026 година јавниот обвинител во ОЈО Скопје Маја Конеска ги исполнува условите за старосна пензија. Предложи Советот да донесе одлука за престанок на фукцијата јавен обвинител.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за престанок на функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје поради исполнување на услови за старосна пензија за јавниот обвинител Маја Конеска на 27.05.2026 година.**

Под точка разно од дневниот ред никој не зема збор, по што претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи четириесет и петата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Претседател**
**Башким Бесими**